РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12 - 3276/1
21-09-2020 г./v.

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од подносителот ----------------- доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, на третото продолжение на 38-та седница одржана на 14.09.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена на 29.10.2019 година од подносителот --------------- во име на неговиот син, ---------- до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-5015/1 од 29.10.2019 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-5015/1 од 29.10.2020 година бидејќи наводите во пријавата не се потврдени.

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата, да се достави Одлуката, со образложение.

Одлуката на ДКСК, со образложениети, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-5015/1 од 29.10.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот ---------- во име на неговиот син ----------, кој престојува во Канада.

Во пријавата се укажува на наводи во која се укажува на наводи за сомневање за незаконитости во постапка за вработување на наставници која е спроведена врз основа на јавен оглас за вработување на наставници во ООУ " -------------" од с.Иванковци, Велес во 2010 година.

Имено, синот на пријавителот кој бил вработен на определено време на работно место одделенски наставник почнувајќи од 01.02.2007 година продолжуван до 31.08.2009 година со повеќе договори за вработување. Во текот на траењето на работниот однос на 12.12.2008 година положил стручен испит и за истото добил Уверение од Министерството за образование и наука. Во 2010 година училиштето распишало оглас за вработување на еден извршител како одделенски наставник, во ОУ с. Отовица, двајца извршители приправници во ООУ "--------------" од с. Иванковци и еден извршител како одделенски

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

наставник во ООУ “ ---------” од с. Иванковци. Синот на подносителот на пријавата иако се пријавил на овој оглас, тој не бил примен. Директорот на ООУ “ ----------” од с. Иванковци донел одлука и склучил договор за вработување со други двајца кандидати.

Незадоволен од одлуката на директорот на училиштето, синот на пријавителот повел судска постапка пред Основниот суд Велес, кој донел Пресуда со РО -52/10 од 28.09.2010 година., каде тужбеното барање е одбиено како неосновано со образложение дека тужителот (во случајот синот на подносителот на пријавата) немал завршено високо образование Педагошки факултет, насока одделенска насока како што се барало во огласот и Законот за основно образование, туку тој поседувал ВСС филозофски факултет при Институтот за педагогија. Тој не го исполнил првиот и основен услов за да биде избран на објавениот оглас, а тоа е соодветно образование како што било предвидено во членот 80 од Законот за основно образование. Избраните кандидати имале соодветно високо образование, а ги исполнувале и останатите услови предвидено во членот 80 од Законот за основно образование, истите биле невработени и за прв пат се вработиле во својство на приправници согласно член 85 од Законот за основно образование. Исто така, согласно одредбите во тоа време важечки Закон за основно образование право е на директорот по претходно мислење на училишниот одбор да избере од кандидатите пријавени на огласот што ги исполнуваат условите. Тоа што селектираните кандидати немале положено стручен испит не е пречка да бидат избрани затоа што работното место било огласено како приправничко, а Законот за основно образование дозволува како наставник -приправник да биде вработено лице кое за прв пат се вработува во основно училиште и целта на приправничкиот стаж е негово оспособување за самостојна воспитно-образовна односно стручна работа преку совладување на програмата за стручен испит.

Исто така, при разгледување на наводите содржани во пријавата и придружна документација, ДКСК констатира дека наводите во пријавата се однесуваат за сомневања за можни незаконски дејствија поврзани со спомenатата постапка за вработување на наставници во ООУ “ ------------” од с.Иванковци, Велес биле преземени /се случиле пред десетина години односно во 2010 година. Со оглед на поминат подолг временски период од сторувањето на предметните дејствија, во предметниот случај настапила застареност, што подразбира истек на определено време од извршување на евентуални сторени незаконски дејствија, по истекот на кое време не може да се поведе соодветна законска постапка за утврдување на одговорност на сторителот/те на тие дејствија.

Со оглед на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира оцени дека синот на пријавителот кој се пријавил на спомenатиот оглас за вработување на наставници приправници не ги исполнил првиот и основен услов за да биде избран на објавениот оглас, а тоа е соодветно образование како што било предвидено во членот 80 од Законот за основно образование, додека избраните кандидати имале соодветно високо образование и ги исполниле и останатите услови предвидено во членот 80 од Законот за основно образование. Согласно одредбите во тоа време важечки Закон за основно образование право е на директорот по претходно мислење на училишниот одбор да избере од кандидатите пријавени на огласот што ги исполнуваат условите, што било сторено од страна на директорот. Преземените дејствија поврзани со спомenатата постапка за вработување на наставници во ООУ “ --------” од с.Иванковци, Велес се случиле пред десетина години односно во 2010 година, од кога е поминат подолг временски период од сторувањето на предметните дејствија, поради што настапила застареност.

Имајќи го во предвид сето гореспоменато, ДКСК констатира дека наводите во пријавата не се потврдени, поради што нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметниот случај, пријавата се отфрла и предметот се затвора и архивира. Имајќи го гореспоменатото, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изработил: м-р И.П

Одобрил: Н.Б, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**